Бр. 08 - 1339/1
24-02-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на непознат подносител, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари ноември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата со бр.08-4864/1 од 17.10.2019 година од познат подносител **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност да постапува по предметот оформен по пријава со број 08-4864/1 од 17.10.2019 година и предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Предметот со број 08-4864/1 од 17.10.2019 година да се затвори и да се архивира.

**Образложение**

Предметот е оформен по пријава со број 08-4864/1 од 17.10.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител.

Со пријавата се изразуваат наводи против Раководител на смена во ПС СВР за негово незаконито работење и постапување, како и за сомнително стекнување со имот.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган и оцени дека Државната комисија нема надлежност да се произнесува по однос на истите, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на ДКСК
Изработил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил:Горан Трпеноски., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk